# ЕКО-ЕКОНОМИЈА

## ПРАКТИЧНА ОБУКА ЗА ЕКОНОМИЈА ЗА ЕКОЛОГИСТИ И ЕКОЛОГИЈА ЗА ЕКОНОМИСТИ

University American College Skopje | Enterprise

**Обуката е насочена кон разјаснување на комплексните односи помеѓу економијата и екологијата, кои што постојано се развиваат и продлабочуваат.**

Современото економско делување е се повеќе условено од еколошките императиви, поради што произлегува потребата од укажување на важноста на поврзаноста на економијата и екологијата.



### 1 ПРВ ДЕЛ

**Зошто е важно познавање на релациите меѓу економијата и екологијата?**

Во овој дел ќе направиме осврт на релациите на економијата и екологијата, односно животната средина. Проблематиката која ќе се изучува е поврзана со изучување на еколошките области –сектори: основи на еколошко менаџирање, екологијата во индустријата, квалитет на воздухот, почвата, водата, бучавата, природа. Во овој дел ќе се направи и преглед и анализа на националната еколошката регулатива.

### 2 ВТОР ДЕЛ

**Регулатива и стандарди на Европската Унија во областа на животна средина – обврска и насока на делување на Македонија**

Во овој дел ќе направиме анализа на еколошката регулатива и стандардите на Европската Унија, кои се основа за развој на мерките и активностите на Македонија во оваа област. Посебен акцент ќе биде ставен на интегрирано еколошко управување, на регулативата и стандардите на ЕУ во областа на менаџирање со води, со отпад, во заштитата на природата, обновлива енергија, еко-стандарди за моторни возила, генетски модифицирана храна.

### 3 ТРЕТ ДЕЛ

**Обврски на компаниите во поглед на постапување со отпад**

Во овој дел ќе се изучува менаџирање со отпад и видови отпад, како и обврските на компаниите при постапување со отпад, менаџирање со отпад, видови неопасен и опасен отпад, обврски за одложување и депонирање на отпад, постапување со амбалажен отпад, рестрикции и забрани во менаџирањето со отпад, санкции за неправилно постапување со отпад, и услови за постапување со отпад.

## 4 ЧЕТВРТ ДЕЛ

**Практична примена за компаниите од областа на екологијата I: Еколошки такси, А и Б интегрирани еколошки дозволи**

Во овој дел, ќе се изучуваат видовите еколошки давачки и начинот на наплата и нивно пресметување, А и Б интегрираните еколошки дозволи, апликација, постапка и добивање дозволи. Овде ќе ги научиме разликите помеѓу А и Б дозволи, во поглед на големина на капацитетите и дејностите, еколошки трговски рестрикции, и согласности во разни области на животна средина. Практично ќе го разработиме начинот на поднесување барање за еколошки лиценци, дозволи и согласности.

## 5 ПЕТТИ ДЕЛ

**Практична примена за компаниите од областа на екологијата II**

Во овој дел, се оценува влијанието на одредените проекти врз животната средина, стратегиските оценки на влијанија врз животна средина, елаборати за оценка на влијание за животна средина. Економски активности во еколошки заштитените подрачја, како и тоа кои барања и под кои услови компаниите може да ги поднесуваат самостојно, а кои исклучиво преку овластени лица и организации. Ќе учиме кои се можностите за стекнување лиценци за самостојно делување на вработените од компаниите во име и за сметка на компаниите, како и можноста да се аплицира за одредени средства за еколошки проекти пред државните органи.



Д-р Зоран Шапуриќ

Д-р Зоран Шапуриќ има долгогодишно истражувачко искуство во областа на екологијата. Автор е на 17 меѓународни трудови во областа на животната средина, од кои 6 во реномирани меѓународни научни списанија индексирани во бази со импакт фактор, како и на повеќе истражувачки книги.
Учесник е на повеќе од дваесте меѓународни конференции и учесник во повеќе истражувачки проекти во областа на животната средина, како и учесник во изготвување на повеќе стратешки и плански документи и законски и подзаконски акти. Помеѓу другите научни и стручни усовршувања, престојувал и во рамките на програмата за професионалци на престижниот универзитет Харвард во САД. Предавач и едукатор на преку 50 семинари и работилници од областа на животна средина. Тој е и поранешен министер за животна средина.

Обуката е наменета за вработени во институции и компании кои имаат допирни точки со сферата на екологијата, проект менаџери, раководители на сектори и на одделенија, како и за правници и за вработени во сектори за човечки ресурси. Обуката се занимава со современи еколошки трендови и нивната поврзаност со економијата.

Обуката ќе се одвива во пет дена по три часа на ден, во периодот помеѓу 5 и 20 јуни 2014 година. За точните термини учесниците ќе бидат информирани најмалку 20 дена пред почетокот на обуката.

### ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ НА ОБУКАТА :

**23,999 денари**

| | |
|---|---|
| За 3 или повеќе учесници од иста институција | **5% попуст** за секој учесник |
| За 5 или повеќе учесници од иста институција | **10% попуст** за секој учесник |
| За рана регистрација (до 15.4.2014 година) | **5% попуст** |
| За учесници од институција што еднаш веќе учествувала на обуката | **5% попуст** |
| За членките на УАКС Деловниот совет | **10% попуст** |

Попустите се кумулираат.